*Центар за истражување и креирање политики*

# Прилагодување на индустриските односи кон новите облици на работа



*Овој проект е финансиран од Европската Унија.*

## Наоди добиени од фокусна група со лица вработени во новите облици на работа

Во Република Македонија лицата кои работат преку онлајн платформите не се евидентирани кај надлежните институции и нивниот број не е познат. Тие не плаќаат придонеси за социјално и здравствено осигурување и не ги уживаат работничките права кои произлегуваат од стандардниот работен однос.

„Никогаш не сум се запознал со работодавачот. Јас немав договор за вработување, само разговор на *Skype*, никакви правни обврзувачки договори и тоа е несигурно. Еден ден може да те отпушти, да не ти плати. Сега работам преку *Upwork* и платформата до некаде ме штити."

„Не сум размислувала за породилно, седам и пишувам текстови, па претпоставувам дека ќе можам да го правам тоа, но проблем е со куче, а не пак дете. Сепак тоа е сериозен проблем за кој треба да се размисли. Би сакала да го уживам тоа право на породилно отсуство и социјална заштита."



**Спасе**

Работи на развој на видео игри





**Анита**

Работи како преведувач за странски клиенти

Овие работници најчесто немаат точно определено работно време, а ниту клиентите им го наметнуваат тоа. Сами го организираат времето кога ќе работат, но велат дека некогаш роковите кои им ги наметнува „работодавачот" се прекратки и тоа негативно се одразува врз нивниот приватен живот и односите во заедницата.

„Важно ми е во работниот однос да има флексибилност, затоа што јас често патувам, една недела сум тука, три не сум и важно ми е работодавачите тоа да го прифатат. Јас како работник си ги знам роковите и си ги исполнувам, меѓутоа не секој сака да работи со таков работник. Дополнително, на овој начин двојно повеќе се заработува, некогаш и тројно. Не сум личност која сака да се социјализира со колеги."

„Не чувствувам никаква желба, ни обврска, ни потреба да плаќам данок, а најмалку сакам. Не ми се допаѓа начинот на кој се искористуваат парите на даночните обврзници во државата, тоа не е начин кој е поврзан со моите потреби, желби и интереси. Тоа оди само на полошо и не гледам како би посакал да бидам оданочен."



**Марија**

Работи како преведувач за странски клиенти

**Овој облик на вработување претставува „скриено" вработување. Лицата кои работат на овој начин најчесто средствата ги добиваат на банкарски сметки во странски банки.**



**Трајче**

Работи како софтвер тестер